арх.бр. 03-12/2
04.01.2008 година

Согласно член 37 став 1 и 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ЈП Градски Паркинг- Скопје, бул. Илинден бб, п.фах 739, телефон контакт: 02/ 30 91 072; 02/ 30 91 074; факс 02/ 30 91 073, е-пошта: infogradski@gradskiparking.com.mk

Ана Витановска го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ( од 01.01.2007 до 31.12.2007)

1. Службено лице одговорно за посредување на информациите кај имателот на информации ЈП Градски Паркинг- Скопје: **Ана Витановска**, на работно место Референт за односи со јавност, по Одлука со арх. бр. 03- 738/2 од 24.08.2006 година, контакт: е- пошта a.vitanovska@gradskiparking.com.mk; телефон: 071/ 230 643, 075/ 446 423, 02/ 30 91 072, телефакс 02/ 30 91 073

2. Број на поднесени барања ( кус опис на поднесените барања):
   вкупно 13 (тринаесет) поднесени барања:

   - Барање бр. 01/2007: Увид и фотокопија од постапка за евалуација на понуди во отворен повик ( фотокопија, лично на рака)
   - Барање бр. 02/2007: Увид во тендерска документација по основ на отворен повик 04/07 и фотокопија на цени од сите понудувачи ( пошта)
   - Барање бр. 03/2007: Увид во тендерска документација од повик број 04/07 ( увид на лице место)
   - Барање бр. 04/2007: Фотокопија од Одлука за висина на надоместок на членовите на Надзорен Одбор ( пошта)
   - Барање бр. 05/2007: Фотокопија од Одлука за висината на надоместокот на членовите на Управниот Одбор ( пошта)
   - Барање бр. 06/2007: Колку средства во текот на 2006 година ЈП Градски Паркинг има наплатено од паркиралиштата ( пошта)
   - Барање бр. 07/2007: Фотокопија од Решение за назначување на ул. Максим Горки за паркиралиште и ценовник ( бидејќи нејасно е формулирано прашањето, барателот на информацијата беше повикан во просториите на ЈП Градски Паркинг каде лично му беа доставени информациите)
   - Барање бр. 08/2007: Број на паркинг простори во Скопје и број на паркинг места (електронски запис)
   - Барање бр. 09/2007: Копија од Правилник за систематизација на работните места ( пошта)
   - Барање бр. 10/2007: Колку изнесуваат месечните примања на Директорот на јавното претпријатие ( пошта)
   - Барање бр. 11/ 2007: Колку приходи во 2006 по основ на наплата на паркинзи има јавното претпријатие ( пошта)

- Барање бр. 12/ 2007: Одлука за издавање максимум три картички за паркиралиште Максим Горки ( фотокопија, лично на рака)
- Барање бр. 13/ 2007: Копија од Ценовник и копија од Одлука за добивање на бесплатна картичка за слепи лица ( фотокопија, лично на рака)

3. Број на позитивно одговорени барања ( кус опис на одговорените барања)

Сите доставени Барања за информација од јавен карактер се навремено спроведени, бројот изнесува 13 ( тринаесет).

4. Број на одбиени барања ( со наведување на причините за секое одбиено барање) ( кус опис на одбиените барања)

   Нема одбиено Барење за пристеп до информација од јавен карактер.

5. Број на вложени приговори и одлуки ( со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација)

   Нема

6. Број на поведени управни спорови против конечната одлука или во случај на молк на имателот на информации

   Нема

7. Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд

   Нема

ЈП Градски Паркинг- Скопје
Скопје, 04.01.2008 година

ЈП Градски Паркинг- Скопје<br>Ана Витановска